4. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на водите во Република Северна Македонија во износ од 7.000.000,00 денари;

5. Поддршка на мерки и активности за заштита на квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија во износ од 30.000.000,00 денари;

6. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на природата во Република Северна Македонија во износ од 6.500.000,00 денари;

7. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина преку креирање на информатички систем за работа со податоци и анализа на податоците за животна средина во Република Северна Македонија во износ од 10.000.000,00 денари;

8. Кофинансирање на проект „Подобрување на заштитата на Дојранското езеро преку подобрување на системот за отпадни води во општина Дојран” во износ од 53.000.000,00 денари;

9. Кофинансирање на проект „Изградба на водоводна мрежа во с. Пороj, општина Тетово” во износ од 12.000.000,00 денари;

10. Кофинансирање на проект „Изградба на филтер станица за вода за пиење во општина Пробиштип” во износ од 30.000.000,00 денари;

11. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање во животната средина за 2022 и 2023 година во износ од 77.200.000,00 денари и

12. Трошоци за спроведување на оваа програма во износ од 4.800.000,00 денари.

V

Средствата од дел II став 1 од оваа програма врз основа на поднесено и одобрено барање можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје за на-мената од дел IV точка 1 од оваа програма,

2) Правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни ин-ституции за намените од дел IV точка 2 од оваа програма и

3) Јавни установи Национални паркови, за намената од дел IV точка 3 од оваа програма.

Средствата од дел IV точки 4, 5, 6 и 7 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

Средствата од дел IV точки 8, 9 и 10 од оваа програма ќе се реализираат со склучување на до-говор за кофинансирање.

Средствата од дел IV точка 11 од оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2022 и 2023 година.

Средствата од дел IV точка 12 од оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;

2) Закуп на постојни згради;

3) Трошоци направени пред 1 јануари 2024 година;

4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;

5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од оваа програма;

6) Општи и административни трошоци на апликантот;

7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци;

8) Законски обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-408/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**300.**

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 106/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува изработката на подзаконските прописи од областа на просторните податоци, промоцијата на националната инфраструктура на просторните податоци, креирањето метаподатоци, креирањето веб-услуги за преглед на податоците и креирањето веб-услуги за преземање на податоците.

II

Активностите за остварување на оваа програма се:

**II.1. Изработка на подзаконски прописи од областа на просторните податоци**

Во делот на подзаконските прописи од областа на просторните податоци, а со цел пропишување на формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци, постапката, начинот и роковите на доставување на информации за податоците од страна на субјектите во Националната инфраструктура на просторните податоци (НИПП), се планира изработка на Уредба за формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци. Во следната табела е наведена планираната активност и временската рамка за реализација на истата:

| Ред.бр. | Назив на субјект во НИПП | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | Изработка на Предлог -Уредба за формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци | јануари 2024 | јуни 2024 |

**II.2. Подигнување на јавната свест и разбирање на визијата, концептите и придобивките од НИПП**

За подигнување на јавната свест се планирани следните активности:

| Ред.бр. | Назив на субјект во НИПП | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | Изработка на Билтен за НИПП за 2023 година | јануари 2024 | јуни 2024 |
| 2 | Агенција за катастар на недвижности | Одржување две работилници со субјектите во НИПП на теми:<br>– Креирање метаподатоци<br>– Користење податоци и услуги од НИПП-геопорталот | јануари 2024 | декември 2024 |
| 3 | Агенција за катастар на недвижности | Одржување „НИПП-ден во Република Северна Македонија“ | февруари 2024 | март 2024 |
| 4 | Агенција за катастар на недвижности | Изработка и печатење на промотивни материјали за НИПП | јануари 2024 | декември 2024 |

**II.3. Креирање метаподатоци**

За креирање метаподатоци за збирките на просторни податоци, на националниот геопортал е поставена веб-алатка уредувач на метаподатоци која е достапна за користење за сите субјекти во НИПП. Во следната табела се наведени збирките на просторните податоци за кои субјектите во НИПП планираат креирање метаподатоци и временскиот период за нивна реализација:

| Ред.бр. | Назив на субјект во НИПП | Име на збирка на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – Топографски карти 1:25 000 (ТК25-2017) во векторски формат<br>– Топографски карти 1:200 000 (ТК200) во векторски формат<br>– Граници на катастарски општини во векторски формат<br>– Катастарски парцели и згради со ажурност на месечно ниво во векторски формат | март 2024 | септември 2024 |
| 2 | Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство | – Саат-кула – Битола<br>– Објекти од областа на културното наследство музеи, заводи и конзерваторски центри | мај 2024 | јуни 2024 |
| 3 | Агенција за планирање на просторот | – Просторен план на Источен плански регион<br>– Просторен план на Национален парк Пелистер | ноември 2024 | декември 2024 |
| 4 | Министерство за животна средина и просторно планирање | Заштитени подрачја | февруари 2024 | декември 2024 |
| 5 | Државен завод за статистика | – Број на станови согласно Пописот на населението 2021 година<br>– Население според степен на образование согласно Пописот на населението за 2021 година | јуни 2024 | август 2024 |
| 6 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | – Ортофото карта 2023 година - реални бои<br>– Ортофото карта 2023 година - инфрацрвен спектар на бои | јуни 2024 | декември 2024 |
| 7 | Министерство за здравство | Установи од секундарно и терциерно здравство | јануари 2024 | декември 2024 |
| 8 | Министерство за одбрана | Објекти и зони од значење за одбраната | јануари 2024 | декември 2024 |

**II.4. Изработка на веб-услуги за преглед на податоци и нивно публикување на националниот геопортал**

Националниот геопортал обезбедува пристап за преглед до повеќе видови просторни податоци. Во текот на 2024 година ќе се одвиваат активности за изработка и публикување на веб-услуги (WMS) за преглед на збирките на просторните податоци наведени во следната табела:

| Ред.бр. | Назив на субјект во НИПП | Име на збирката на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – Топографски карти 1:25 000 (ТК25-2017) во векторски формат<br>– Топографски карти 1:200 000 (ТК200) во векторски формат<br>– Граници на катастарски општини во векторски формат<br>– Глобална карта на Република Северна Македонија 1:1 000 000 во растерски и векторски формат<br>– Катастарски парцели и згради со ажурност на месечно ниво во векторски формат | март 2024 | септември 2024 |
| 2 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | – Ортофото карта 2023 година - реални бои<br>– Ортофото карта 2023 година - инфрацрвен спектар на бои | јуни 2024 | декември 2024 |
| 3 | Државен завод за статистика | – Број на станови согласно Пописот на населението од 2021 година<br>– Население според степен на образование согласно Пописот на населението од 2021 година | јуни 2024 | август 2024 |
| 4 | Агенција за планирање на просторот | – Просторен план на Источен плански регион<br>– Просторен план за Национален парк Пелистер | ноември 2024 | декември 2024 |
| 5 | Министерство за животна средина и просторно планирање | Заштитени подрачја | март 2024 | август 2024 |
| 6 | Геолошки завод на Република Северна Македонија | – Гравиметриска карта на Република Северна Македонија (Бугеови аномалии) 1:500 000 лист Скопје<br>– Геомагнетна карта на Република Северна Македонија (аномалии на вертикална компонента) 1:500 000 лист Скопје | јануари 2024 | декември 2024 |

**II.5. Изработка на веб-услуги за преземање податоци и нивно публикување на националниот геопортал**

Националниот геопортал обезбедува пристап за преземање до повеќе видови просторни податоци. Во текот на 2024 година ќе се одвиваат активности за изработка и публикување веб-услуги (WFS) за преземање на збирките на просторните податоци наведени во следната табела:

| Ред.бр. | Назив на субјект во НИПП | Име на збирката на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | - Топографски карти 1:25 000 (ТК25-2017) во векторски формат<br>- Топографски карти 1:200 000 (ТК200) во векторски формат<br>- Граници на катастарски општини во векторски формат<br>- Глобална карта на Република Северна Македонија 1:1 000 000 во растерски и векторски формат<br>- Катастарски парцели и згради со ажурност на месечно ниво | март 2024 | септември 2024 |

**II.6. Создавање технички предуслови**

За реализација на програмските цели како технички предуслови се планираат следните активности:

| Ред.бр. | Назив на субјект во НИПП | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | Адаптивно одржување на НИПП-геопорталот:<br>– Објавување на годишните извештаи за реализација на НИПП годишните програми<br>– Изработка на алатка за графичко прикажување статистички податоци<br>– Објавување на Регистарот на збирките на просторни податоци | јануари 2024 | декември 2024 |
| 2 | Агенција за катастар на недвижности | Превентивно одржување на НИПП-геопорталот | јануари 2024 | декември 2024 |

III

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во рамките на предвидените средства за секоја институција и се прикажани во следната табела:

| Назив на субјект во НИПП | Програма | Ставка | Износ на финансиски средства во денари |
|---|---|---|---|
| Агенција за катастар на недвижности | 2А | 424420 | 6.000.000,00 |
| Државен завод за статистика | 20 | 425 | 60.000,00 |

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени и од сопствените финансиски средства на Агенцијата за планирање на просторот во висина од 400.000,00 денари.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-773/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**301.**

Врз основа на член 57 став (4) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.24/21 и 174/21) и член 48 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се врши распределба на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за намалување на диспаритетите односно разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и за зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година.

Член 2

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 99.446.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во Раздел 191.01 – Министерство за локална самоуправа, потпрограма ОА- Рамномерен регионален развој, ставка 464- Разни трансфери.

Член 3

Средствата од член 2 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

- намалување на диспаритетите, односно разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и за зголемување на регионалната конкурентност, во износ од 63,766,000 денари;
- финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони коишто произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион за тековната година, во износ од 9,600,000 денари и
- кофинансирање согласно проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза“, согласно Договорот склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, во износ од 26,080,000 денари.

Член 4

Во рамките на оваа програма ќе се финансираат:

- мерки и активности за изведба на градби во смисла на подобрување на пристапот до инфраструктура на ниво на плански региони и на локално ниво;
- мерки за финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи, акциони планови и проектни документации и
- мерки и активности за јакнење на институционалните капацитети за регионален развој во Република Северна Македонија.

Во рамките на оваа програма ќе се финансираат и кофинансираат:

- проекти кои ги спроведува Министерството за локална самоуправа, обезбедени од донации од домашни и странски субјекти и од други извори, во согласност со закон;,
- активности за спроведување и унапредување на законската рамка на политиката за рамномерен регионален развој од надлежност на Министерството за локална самоуправа, утврдени со закон и
- проекти утврдени со одлука на Влада на Република Северна Македонија врз основа на членот 53 од Законот за рамномерен регионален развој(*), за кои се одобрени помалку средства од побараните за целосно завршување на проектот.

Член 5

Средствата од член 3 алинеја 1 од оваа програма, согласно приоритетите утврдени во планските документи за регионален развој, ќе се користат за поддржување на проекти во следните приоритетни мерки и активности:

- развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони и
- препознавање и искористување на конкурентските предности во планските региони и
- подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти/користење на обновливите извори на енергија.

Член 6

Средствата од член 3 алинеја 2 од оваа програма ќе се користат за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони кои што произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион за тековната година, и тоа на секој од осумте плански региони ќе им се исплати износ од 1.200.000 денари за следните намени:

- изготвување на годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион за тековната година;
- изготвување на предлог – акциски план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион за тековната година;
- спроведување на проекти за развој на планскиот регион;
- подготвување на предлог – проектите за развој на планскиот регион;
- организирање на седници на Советот за развој на планскиот регион;
- подготвување на акти на Советот за развој на планскиот регион и Центарот за развој на планскиот регион со цел нивно усогласување со одредбите од Законот за рамномерен регионален развој(*);
- организирање на регионални консултации – форуми;
- подготвување на Извештај за работењето на Центарот за развој на планскиот регион за тековната година и негово доставување до Советот за развој на планскиот регион и општините кои влегуваат во негов состав и
- ажурирање на евиденцијата за развојните потенцијали на планскиот регион и општините од планскиот регион со податоци за тековната година.

Член 7

Средствата од член 3 алинеја 3 од оваа програма ќе се користат за кофинансирање на активности од проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза“, согласно Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, и тоа за:

- поддршка на регионални инфраструктурни проекти;